Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

Бр -Nr. 02-5714/2
27.10 20 21 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19) а во врска со поднесеното барање од од Балканска истражувачка репортерска мрежа (БИРН), бул. „ЈНА" 24-1/2, Скопје, бр. 02-5714 од 08.10.2021 година застапувано преку Директор на БИРН, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Се **ОДБИВА** барањето на Балканска истражувачка репортерска мрежа (БИРН), бул. „ЈНА" 24-1/2, Скопје застапувано преку Директор на БИРН, за пристап до информации од јавен карактер.

По спроведениот тест на штетност согласно член 20, став (2) а врз основа член 6, став(1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер не му се овозможува увид на барателот Балканска истражувачка репортерска мрежа (БИРН), бул. „ЈНА" 24-1/2, Скопје застапувано преку Директор на БИРН, да се запознае со содржината на бараната информација со препис во истата.

### Образложение

Барателот на информации од јавен карактер Балканска истражувачка репортерска мрежа (БИРН), бул. „ЈНА" 24-1/2, Скопје застапувано преку Директор на БИРН, на ден 08.10.2021 година достави барање до имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје со кое се бара: *„Колкави количини во мегават часови му се фактурирани на снабдувачот „У Повер", како и трошокот за истиот снабдувач за баланс на енергија за секој месец поединечно во перодот од јануари до август 2021 година?".*

Информацијата ја бараат во електронски запис на е-маил.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањето оцени дека за предметното барање треба да се спроведе тест за штетност согласно член 20, став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер како и член 13 од Упатството за начинот на спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

По спроведениот тест на штетност се дојде до следните заклучоци:

Договорите кои АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје ги има склучено со балансно одговорните страни ( БОС) се двострано обврзувачки договори, согласно кои и двете договорни страни имаат преземено обврска сите податоци кои се однесуваат на деловното работење, а се предмет на воспоставениот должничко- доверителски однос, да ги третираат како доверливи, согласно начелото на доверливост на податоците.

Член 18 од Договорот за балансна одговорност гласи, цитираме: *„Договорните страни сите податоци кои ги разменуваат ќе ги користат исклучиво за извршување на овој Договор со почитување на начелата на доверливост, а согласно Законот за енергетика, Правилата за балансирање на ЕЕС и соодветните Мрежни правила".*

Почитувајќи ги договорните одредби од склучените договори АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје не смее на трета страна ( физичко или правно лице) да дава податоци кои се однесуваат на тековното деловно работење кое е предмет на склучен договор со БОС без претходно дадена согласност на другата договорна страна ( со која е склучен конкретен договор за БОС).

Оттаму сметаме дека согласно законските одредби постои основ за одбивање на предметното барање бидејќи се утврди дека со објавување на бараната информација, последиците врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес утврден со закон.

Со горенаведеното, АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје постапи согласно член 13 од Упатството за начинот на спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје
Генерален директор,
Kushtrim Ramadani

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но: Барател
Службени лица за посредување со ИЈК
Кабинет на ГД
Архива